# ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Член 1

Во Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија, бр. 112/14, 129/15, 23/16, 190/16, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 232/19) во членот 4-а ставот (1) се менува и гласи:
„Здруженија на граѓани и фондации како и нивните сојузи и други облици на здружување или поврзување, стопанската интересна заедница, политичките партии, верските заедници, религиозните групи, Црвениот крст на Република Северна Македонија, здруженија на странци, странски и меѓународни невладини организации, хуманитарни организации и здруженија, синдикатите, коморите и други правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, не се обврзници за данок на добивка.“

Член 2

Во членот 9 став (1) во точката 2) зборовите: „исплатените надоместоци“ се заменуваат со зборот: „надоместоците“.
Во алинејата 1 зборот: „исплатените“ се брише.
Во алинејата 2 зборот: „исплатена“ се брише.
Во алинејата 3 зборот: „исплатената“ се брише.
Во алинејата 4 зборот: „исплатена“ се брише.
Во алинејата 5 зборот: „исплатениот“ се брише.
Во алинејата 6 зборот: „исплатениот“ се брише.
Во алинејата 7 зборот: „исплатените“ се брише.
Во алинејата 8 зборот: „исплатените“ се брише.
Во алинејата 9 зборот: „исплатениот“ се брише, а зборот: „надоместок“ се заменува со зборот: „надоместокот“.
Во алинејата 10 зборот: „исплатениот“ се брише, а зборот: „надоместок“ се заменува со зборот: „надоместокот“.
Во точката 3) зборот „исплатени“ се брише.
Точката 3-а) се менува и гласи:
„ надоместоци на трошоци за хотелско сместување (категорија повисока од четири звездички) во износ над 6.000 денари дневно по лице и надоместоци на трошоци за превоз на лица кои не се вработени кај исплатувачот, а се ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот (во земјата и во странство), доколку истите не се документирани “.
Во точката 15) зборовите: „исплатите на“ се бришат.
По точката 18 ) се додаваат две нови точки 19) и 20) кои гласат:

„19) надоместок за практикантска работа над износите пропишани согласно Законот за практиканство и

20) надоместок за практична обука на ученици и практична настава на студенти во висина над 8.000 денари месечно.

Член 3

Во членот 12-а ставот (1) се менува и гласи:
„Обврзникот е должен за трансакциите од членот 12 од овој закон да приложи извештај до Управата за јавни приходи, најдоцна до 30 септември во тековната година за претходната година.“

Ставот (2) се менува и гласи:
„По исклучок на ставот (1) на овој член, обврзникот поднесува извештај во скратена форма доколку вкупната вредност на трансакциите со поврзаните лица во текот на годината не надминува 10.000.000 денари.“

Член 4

Членот 12-б) се менува и гласи:
„Одредбите од членовите 12 и 12-а од овој закон не се однесуваат на трансакциите помеѓу поврзани лица резиденти на Република Северна Македонија, како и на обврзниците кои во текот на годината оствариле вкупен приход во износ до 300.000.000 денари.“

Член 5

По членот 17 се додава нов член 17-а кој гласи:

„Член 17-а

(1) Даночната основа се намалува за износот на трошоците за амортизација над износот пресметан со примена на амортизациони стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основица.
(2) Даночната основа се намалува за износот на неисплатените надоместоци над износите утврдени во член 9 став 1) точки 2), 3-б), 4), 5), 5-а) и 6), од овој закон, за кои во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа, доколку истите се искажани како приход.“

Член 6

Во членот 24 во ставовите (1) и (2) зборот „одбивка“ се заменува со зборот „задршка“.

Член 7

Во членот 30-а, во ставот (8) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „за дадени донации во спортот.“

Член 8

Членот 43 се менува и гласи:
„(1) Глоба во висина од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (микро трговец), од 1.200 до 4.000 евра во денарска противвредност за даночен обврзник правно лице (мал трговец), од 3.600 до 12.000 евра во денарска противвредност за даночен обврзник правно лице (среден трговец) и од 6.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за даночен обврзник правно лице (голем трговец), согласно со одредбите од овој закон, ќе му се изрече за сторен прекршок, доколку за целите на утврдување на даночната основа и даночните олеснувања на образецот за пресметка на данокот наведе неточни податоци поради кои дошло до утврдување на помала даночна основа.
(2) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 200 до 1.000 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице ( мал трговец), од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (среден трговец) и од 400 до 1.000 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој закон, покрај глобата на сторителот на прекршокот, ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од најмалку три до најмногу 30 дена.
(4) За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правно лице, може да му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење од најмалку три до најмногу 30 дена. Ако прекршокот од став (1) на овој член е сторен за прв пат, забрана на вршење на професија, дејност или должност доколку се изрече, ќе се изрече само како самостојна санкција без глоба, а при повторно сторување на прекршокот од став (1) на овој член,  забраната на вршење на професија, дејност или должност, доколку се изрече, ќе се изрече заедно со глоба. "

Член 9

Членот 44 се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (микро трговец), од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (мал трговец), од 1.800 до 6.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (среден трговец) и од 3.000 до 10.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако:

1) не го плати утврдениот данок на вкупен приход во пропишаниот рок (член 39 ставови (3) и (4));

2) во односите со поврзаните субјекти превзема дејствија заради намалено плаќање на данок (член 36);

3) во пропишаниот рок не ја плаќа месечната аконтација на данокот на добивка (член 40 став (2));

4) во пропишаниот рок не ја плати разликата меѓу платената аконтација и вистинската обврска на пресметаниот данок на добивка (член 41 став (1)) или

5) не го плати утврдениот данок на добивка во пропишаниот рок (член 39 став (2)).

(2) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во  правно лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во  правно лице (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член."

Член 10

Членот 45 се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице – исплатувач на приходи (микро трговец), од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице – исплатувач на приходи (мал трговец), од 1.800 до 6.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице – исплатувач на приходи (среден трговец) и од 3.000 до 10.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице– исплатувач на приходи (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако при исплатата на приходот не го задржи и не го уплати данокот на соодветната уплатна сметка (член 20 став (1)).
(2) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во  правно лице ( мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во  правно лице

(среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член.
(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност на даночен обврзник - трговец поединец - исплатувач на приходи и лице кое самостојно врши дејност – исплатувач на приходи, ќе им се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член.
(4) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - исплатувач на приходи за прекршокот од ставот (1) од овој член.“

Член 11

Членот 46 се менува и гласи:
„(1) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (микро трговец), од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице ( мал трговец), од 1.800 до 6.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (среден трговец) и од 3.000 до 10.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако не и поднесе на Управата за јавни приходи извештај и соодветен образец во пропишаниот рок (член 12-а, ставови (1) и (2) и член 39).
(2) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) ќе му се изрече, за прекршокот од ставот (1) на овој член.“

Член 12

Во членот 46-а, сврзникот ,,и“ се заменува со запирка, а по зборот ,,поединец“ се додава запирка и зборовите: „физичко лице, лице кое самостојно врши дејност и одговорно лице во правно лице“.

Член 13

По членот 46-б се додава нов член 46-в кој гласи:

„Член 46-в

(1) За прекршоците од членовите 43, 44, 45 и 46 на овој закон за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противредност за физичко лице, трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност, 500 евра во денарска противредност за одговорно лице во правно лице и 1.000 евра во денарска противредност за правни лица, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува прекршочниот орган.
(2) За прекршоците од овој закон, за кои глобата за лицата од ставот (1) на овој член е утврдена над износите од ставот (1) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд. “

Член 14

(1) Даночните обврзници кои имаат искажано ревалоризациони резерви (ревалоризациони вишоци) за материјални и нематеријални средства, намалени за пресметаната амортизација на ревалоризираната вредност на средствата за период од 1 јануари 2019 година до денот кога средството е

повлечено од употреба или оттуѓено, при преносот на истите во акумулирана добивка имаат обврска да пресметаат и платат данок на добивка.
(2) Пресметувањето и плаќањето на данокот од ставот (1) на овој член се врши на образецот "ДД-РВ".
(3) Формата и содржината на образецот од став (2) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 15

Одредбите од членот 2 на овој закон, со кои во членот 9 се менува точката 3-а), а се додаваат две нови точки 19) и 20) ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2020 година.

Член 16

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со членот 1 од Предлогот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, се предлага измена на ставот (1) од членот 4-а од Законот, со цел да се уредат одлените видови на непрофитни организации кои нема да бидат обврзници за данокот на добивка. На овој начин, како што и досега беше предвидено за организациите регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации, така и организациите наведени во изменетиот став (1) од членот 4-а, доколку во нивното непрофитно делување остварат приходи од вршење стопанска дејност поголеми од 1.000.000 денари, истите ќе станат обврзници за плаќање данокот на вкупен приход. Тие ќе имаат обврска да платат данок во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од вршење стопанска дејност во календарската година, на износот кој надминува 1.000.000 денари.

Со членот 2 се вршат измени и дополнувања на членот 9 од Законот кој ги дефинира непризнаените расходи за даночни цели. Имено од истиот се брише терминот „исплатени“ поради усогласување со меѓународните сметководствени стандарди и начинот на водење на сметководство како и усогласување со членот 7 од Законот, односно за да одреден расход се смета како расход истиот треба да биде реализиран. Со членот 2 се врши и допрецизирање на одредбата од точката 3-а) од овој чен така што се пропишува дека како непризнаени расходи ќе се сметаат надоместоците на трошоците за хотелско сместување во износ над 6.000 денари дневно по лице и надоместоците на трошоци за превоз на лица кои не се вработени кај исплатувачот, а се ангажирани во функција на дејноста на исплатувачот, доколку истите не се документирани. Исто така се предлага да се додадат две нови точки во истиот член со цел третман на непризнаен расход да има надоместокот за практикантска работа над износите пропишани согласно Законот за практиканство и надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти во износ над 8.000 денари месечно.

Со членот 3 се предлага да се продолжи рокот за поднесување на извештајот за трансферни цени, односно наместо даночните обврзници да имаат обврска истиот да го поднесат заедно со даночниот биланс до 28 февруари/15 март во годината, тоа да го сторат до 30 септември.

Со членот 4 се предлага измена на членот 12-б од законот, во насока одредбите од членовите 12 и 12-а од законот да не се однесуваат на трансакциите помеѓу поврзани лица резиденти на Република Северна Македонија, како и на обврзниците кои во текот на годината оствариле вкупен приход во износ до 300.000.000 денари односно истите да немаат обврска до Управата за јавни приходи да доставуваат извештаи за трансферни цени.

Со членот 5 се предлага законот да се дополни со нов член со кој ќе се уреди правото на даночен кредит, односно правото на намалување на даночната основа за износот на трошоците за амортизација кои во претходни периоди претставувале непризнат расход согласно примената на амортизационите стапки утврдени со номенклатурата на средствата за амортизација, како и за неисплатените надоместоци над износите утврдени во член 9 став (1) точки 2), 3-б), 4), 5), 5-а) и 6), од законот за кои во претходниот даночен период е

извршено зголемување на даночната основа, доколку истите се искажани како приход.

Со членот 6 се врши терминолошко усогласување на одредбите од членот 24 од законот со одредбите кои се однесуваат на задржување на данок.

Со членот 7 се врши измена на ставот (8) од членот 30-а од законот со која се уредува дека користењето на правото за намалување на пресметаниот данок на добивка согласно одредбите на овој член, го исклучува правото на даночно поттикнување кај данокот на добивка согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности за дадени донации во спортот.

Со членовите од 8 до 13 од Предлог законот се врши усогласување на прекршочните одредби со Законот на прекршоците од аспект на утврдување на рамка на износ на висината на глобите кои се изрекуваат на физички, правни лица и одговорни лица во правните лица за прекршоците утврдени со овој закон.

Со Членот 14 се пропишува обврска за пресметување и плаќање на данок на добивка од страна на даночните обврзници кои имаат искажано ревалоризациони резерви (ревалоризациони вишоци) за материјални и нематеријални средства, намалени за пресметаната амортизација на ревалоризираната вредност на средствата за период од 1 јануари 2019 година до денот кога средството е повлечено од употреба или оттуѓено, при преносот на истите во акумулирана добивка.

Членот 15 го уредува отпочнувањето на примената на одредбите од членот 2 од овој закон.

Членот 16 го уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредбите се меѓусебно поврзани. Како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Како резултат на примената на предложените законски измени и дополнувања, ќе се олесни административниот товар и ќе се намалат трошоците на даночните обврзници кои вршат трансакции со поврзани лица резиденти на Република Северна Македонија, како и на обврзниците кои во текот на годината оствариле вкупен приход во износ до 300.000.000 денари, со оглед на тоа дека истите ќе немаат обврска до Управата за јавни приходи да доставуваат извештај за трансферни цени. Останатите обврзници, кои имаат обврска да доставуваат ваков извештај, ќе имаат на располагање подолг период за негово подготвување, бидејќи рокот за поднесување на извештајот е пролонгиран до 30 септември.

Со предложените измени и дополнувања на законот ќе се обезбеди: еднаков даночен третман на сите организациите од непрофитен карактер, усогласување со законот за прекршоците, како и појаснување и допрецизирање на одредбите од Законот со цел подобра имплементација во пракса.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ ОДНОСНО ДОПОЛНУВААТ

## Член 4-а

(1) Здруженијата на граѓани, фондациите , сојузите, како и секој организационен облик на странска организација, како и друга форма на здружување (во понатамошниот текст: организации), регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации , не се обврзници за данок на добивка.

(2) Како неоданочиви приходи за организациите од став (1) на овој член се сметаат: приходи од членарини, доброволни прилози, донации, грантови, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија, легати, приходи од дивиденди од трговските друштва основани со средства на здружението, и приходи од Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на Град Скопје врз основа на претходно изготвени програми (проекти) одобрени од Владата на Република Македонија, односно надлежните министерства, советите на единиците на локалната самоуправа и Советот на Град Скопје.

(3) Организациите од став (1) на овој член кои остваруваат приходи од вршење стопанска дејност во рамките на нивното непрофитно делување, заради избегнување нелојална конкуренција со субјектите на кои добивката остварена од вршење стопанска дејност им се оданочува, стануваат обврзници за пресметување и плаќање данок на вкупен приход, доколку вкупниот годишен приход од стопанската дејност е поголем од 1.000.000 денари.

(4) Данокот на вкупен приход за обврзниците од став (3) на овој член се пресметува и плаќа во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарската година, на износот кој надминува 1.000.000 денари.

## Член 9

(1) Како непризнаени расходи за даночни цели се сметаат:

1) расходите кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност;

2) исплатените надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос, освен утврдените со оваа точка во износи кои не го надминуваат:

- најнискиот износ на исплатените дневници за службени патувања, теренски додаток или одвоен живот утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на Република Македонија и прописите за органите на државната управа, при што исплатите по овој основ меѓусебно се исклучуваат,

- износот на исплатена помош во случај на смрт на вработениот и на член на неговото семејство утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на Република Македонија и прописите за органите на државната управа,

- најнискиот износ на исплатената помош за претрпени штети од елементарни непогоди утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на Република Македонија,

- најнискиот износ на исплатена отпремнина која се дава при заминување во пензија утврден со Општиот колективен договор за приватниот

сектор од областа на стопанството на Република Македонија и прописите за органите на државната управа,

- износот на исплатениот еднократен надоместок – испратнина заради трајно работно ангажирање на работниците при откажување на договорот за вработување од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени) утврден со закон,

- износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечната месечна бруто плата по работник во Република Македонија, објавена до денот на исплатата,

- износот на исплатените јубилејни награди за најмалку десет години работа кај ист работодавач во висина на просечна месечна плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци објавена од Државниот завод за статистика,

- износот на исплатените надоместоци на трошоци за користење на сопствено возило на вработениот за потребите на работодавачот, во висина од 30% од исплатениот износ, но најмногу до 60.000 денари на годишно ниво,

- износот на исплатениот надоместок заради непрекинато боледување подолго од шест месеци предизвикано со повреда на работа или професионално заболување во висина на просечната месечна плата по работник во Република Македонија исплатена во последните три месеци и објавена од Државниот завод за статистика и

- износот на исплатениот надоместок при селидби на вработените за потребите на работодавачот во висина на стварните трошоци направени за превоз на покуќнината и на семејството;

3) трошоците за организирана исхрана и превоз во јавниот сообраќај на вработените, исплатени над износите утврдени со закон;

3-а) трошоците за сместување (ноќевање или ноќевање со појадок) и превоз на лица кои не се вработени кај домашниот исплатувач, а кои се ангажирани во врска со извршувањето на работа кај исплатувачот во функција на неговата дејност, доколку истите не се документирани,

3-б) надоместокот на трошоци за исхрана на вработените кои работат ноќно време, над износите утврдени со Законот за работните односи;

4) трошоците по основ на месечните надоместоци на членовите на органите на управување над 50% од просечната месечна бруто плата исплатена во претходната година во Република Македонија, при што како надоместоци на членови на органите на управување се сметаат месечниот надоместок, односно паушал, надоместоците за патни и дневни трошоци;

5) трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пе нзиски фонд над износот од две просечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година во Република Македонија, на годишно ниво по вработен;

5-а) трошоци по основ на уплатени премии за осигурување на живот над износот од две пр осечни месечни бруто плати, исплатени во претходната година во Република Македонија, на годишно ниво по вработен;

6) надоместоците за лицата волонтери според членот 10 став (2) од Законот за волонтерство и за лицата ангажирани за вршење на јавни работи согласно со членот 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност исплатени над износите утврдени со закон;

7) скриените исплати на добивки како што се: давање на одредени производи и услуги на содружниците или акционерите или на нив поврзани лица по цена пониска од пазарната, вклучувајќи ја и пониската камата на одобрените заеми; плаќање за добиените производи и услуги од содружниците или акционерите или на нив поврзани лица, по цени повисоки од пазарните и овозможување на стекнување на добивки на содружниците или акционерите или на нив поврзани лица;

7-а) кусоци кои не се предизвикани од вонредни настани (кражба, пожар или други природни непогоди), кои не се на трошок на платата на одговорното лице;

8) трошоците направени за репрезентација во висина од 90%;

9) трошоците за донации направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 5% од вкупниот приход остварен во годината;

10) трошоците за спонзорства направени во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 3% од вкупниот приход остварен во годината;

10 -а) трошоците за донации во спортот согласно член 30-а од овој закон;

11) трошоци по основ на камата по кредити кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот како и износот на каматите по кредити за набавка на патнички автомобили, мебел, теписи, уметнички дела од ликовната и применетата уметност и украсни предмети;

12) осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на члeновите на органите на управување, како и на вработените доколку истите не се одбиваат од плата, освен личното колективно осигурување на работниците за повреди на работа;

13) даноците по задршка (одбивка) исплатени во име на трети лица кои се на товар на трошоците на даночниот обврзник;

14) паричните и даночните казни, пеналите и казнените камати за ненавремена уплата на јавните давачки и на трошоците за присилна наплата;

15) исплатите на стипендии, освен стипендиите доделени на начин и под услови утврдени со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности кои се оданочуваат според одредбите од точката 10) на овој член, во кои не спаѓаат трошоците за обука и специјализација на вработените заради остварувањето на дејноста на даночниот обврзник, под услов истите да продолжат со работа кај истиот работодавач, во временски период утврден со договор, кој не е пократок од три години сметано од годината на стекнувањето со соодветните знаења;

16) трошоците на кало, растур, крш и расипување над нормираните износи утврдени за соодветната гранка, под услов истите да не се настанати како резултат на вонреден настан или виша сила;

17) трајниот отпис на ненаплатените побарувања, освен трајниот отпис на ненаплатените побарувања по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување и

18) трошоците за нето износот на примањата по основ на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно закон.

(2) Нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи утврдени за секоја соодветна гранка за даночни цели ги пропишува министерот за финансии.

Член 12 –а

(1) Обврзникот е должен за трансакциите од членот 12 од овој закон да приложи извештај , со поднесувањето на даночниот биланс.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, обврзникот поднесува извештај во скратена форма со поднесувањето на да ночниот биланс, доколку вкупната вредност на трансакциите со поврзаните лица во текот на годината не надминува 10.000.000 денари, или доколку има трансакции само со поврзани лица резиденти на Република Македонија.

(3) Формата и содржината на извештајот од ставовите (1) и (2) на овој член, видовите методи за утврдување на цената на трансакцијата во согласност со принципот на „дофат на рака " и начинот на нивна примена ги пропишува министерот за финансии.

Член 12–б

Одредбите од член 12 и член 12 -а од овој закон не се однесуваат на обврзниците кои во текот на годината оствариле вкупен приход во износ до 60.000.000 денари.

Член 24

(1) Лицето кое има обврска да го задржи данокот во согласност со одредбите од оваа глава поднесува еднаш годишно извештај за уплатениот данок по одбивка до Управата за јавни приходи до 15 февруари наредната година, по годината во која постоела обврска за задржување на данокот.

(2) Извештај за уплатениот данок по одбивка за една година ги вклучува следниве информации за секое странско правно лице во чие име е извршено зад ржување на данокот за односната година:

1) име на исплатувачот, фирма, седиште;

2) име на лицето- обврзник и држава во која лицето е резидент;

3) вид и износ на приход врз кој се применува задржување на данок;

4) износ на данок кој треба да се задржи и датата на доспевање на обврската и

5) износ на данокот кој е задржан и дата на уплатата.

(3) Управата за јавни приходи за задржаниот данок на странското правно лице го известува надлежниот даночен орган во странство по негово барање.

Член 30-а

(1) На обврзникот кој донирал финансиски средства на спортски субјекти, кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок на добивка за износот на донираните средства, но најмногу до 50% од прес метаниот данок.

(2) Спортски субјекти од ставот (1) на овој член претставуваат националните спортски федерации, спортските клубови, други правни лица кои имаат решение за вршење дејност спорт, како и активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови кои таквиот статус го стекнале според услови и критериуми пропишани во Законот за спортот.

(3) Правото од ставот (1) на овој член обврзникот го остварува врз основа на ваучер издаден од Агенцијата за млади и спорт, сог лас но со Законот за спортот .

(4) За користење на правото од ставот (1) на овој член даночниот обврзникдоставува до Управата за јавни приходи барање за даночно ослободување за донирање финансиски средства на спортски субјекти.

(5) Управата за јавни приходи во рок од 15 дена го потврдува или одбива барањето од став (4) на овој член.

(6) Даночниот обврзник, во рок од 15 дена по потврденото барање од став (5) на овој член, до Управата за јавни приходи доставува известување за извршена донација.

(7) По доставување на известувањето од став (6) на овој член, даночниот обврзник може да го користи правото од ставот (1) на овој член.

(8) Користењето на правото за намалување на пресметаниот данок на добивка согласно одредбите на овој член, го исклучува правото на даночно поттикнување кајданокот на добивка согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

(9) Доколку на даночниот обврзник или на лице по вр зан о со него, му бидат вратени донираните финансиски средства од страна на спортските субјекти од став (2) на овој член, директно или преку набавка на стоки и услуги, обврзникот го должи данокот кој би го платил доколку не го користел ослободувањето од овој член.

(10) Даночниот обврзник кој го користи даночното ослободување пропишано во став (1) на овој член може да донира во еден спортски субјект од секој вид спорт.

(11 ) Начинот на спроведување на даночното ослободување од ставот (1) на овој член го пропи шува министерот за финансии.

(12) Износ от на вредноста на издадените ваучери врз основа на кои обвр зниците го остваруваат правото на даночно ослободување од ставот (1) на овој член изнесува 6 милиони евра годишно.

Член 43

(1) Глоба во висина до десеткратен износ од помалку уплатениот данок согласно со одредбите од овој закон, ќе му се изрече на даночниот обврзник за сторен прекршок, доколку за целите на утврдување на даночната основа и даночните олеснувања на образецот за пресметка на данокот наведе неточни податоци поради кои дошло до утврдување на помала даночна основа.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој закон, покрај глобата на сторителот на прекршокот, ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од три до 30 дена, а на одговорното лице кај правното лице забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од три до 15 дена.

Член 44

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на даночниот обврзник-правно лице, ако:

1) не го плати утврдениот данок на вкупен приход во пропишаниот рок (член 39 ставови (3) и (4));

2) во односите со поврзаните субјекти превзема дејствија заради намалено плаќање на данок (член 36); 3) во пропишаниот рок не ја плаќа месечната аконтација на данокот на добивка (член 40 став (2)) или

4) во пропишаниот рок не ја плати разликата меѓу платената аконтација и вистинската обврска на пресметаниот данок на добивка (член 41 став (1)).

5) Не го плати утврдениот данок на добивка во пропишаниот рок (член 39 став(2) ).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член.

Член 45

(1) Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на даночниот обврзник-правно лице и трговец поединец исплатувач на приходи, ако при исплатата на приходот не го задржи и не го уплати данокот на соодветната уплатна сметка (член 20 став (1)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице и трговец поединец- исплатувач на приходи, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице и на одговорното лице во трговец поединец за прекршоците од став (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 250 до 375 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице-исплатувач за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 46

(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на даночниот обврзник-правно лице ако не и поднесе на Управата за јавни приходи извештај и соодветен образец во пропишаниот рок (член 12-а, став ови (1 ) и (2) и член 39).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од став (1) на овој член.

Член 46-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците.